АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
СКОПЈЕ
Примено: 05.10.2020
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 1017/1 | 1 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-227/12
23.09 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

Архивски знак: 0304
Рок на чување: 10 год.
201___ година
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 5 седница одржана на 29.07.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на студиската програма „Казнено право“, од втор циклус специјалистички студии, на Факултет за правни и политички науки при ФОН Универзитет

1. Се акредитира студиската програма „Казнено право“, од втор циклус специјалистички студии, на Факултет за правни и политички науки при ФОН Универзитет, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со стручен назив: Магистер по правни науки од областа на казненото право /во меѓународен промет академски назив Master of criminal law
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: Правни науки.
Научно – истражувачка област: Казнено право. Казнено процесно право.

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 100 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 07-402/3 од 02.04.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Казнено право", од втор циклус специјалистички студии, на Факултет за правни и политички науки при ФОН Универзитет, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-227/8 од 03.04.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-227/10 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 5-та седница одржана на 29.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски